Врз основа на член 22 став 1, точка 4 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02), член 52 од Законот за јавни патишта (Службен весник на РМ бр.84/08, 52/2009; 114/2009; 124/2010; 23/2011; 53/2011; 44/2012; 168/2012; 163/2013; 187/2013; 39/2014; 42/2014; 166/2014, 44/2015, 150/2015, 31/2016, 71/2016 и 163/2016) и членот 14 од Статутот на општина Крива Паланка (Службен гласник на општина Крива Паланка бр.8/10, 08/14, 02/18 и 03/19), Советот на општина Крива Паланка на Седницата одржана на 06.11. 2019 година донесе

**П Р О Г Р А М А**

за изработка на техничка документација -Основен сообраќаен проект за режимот на сообраќај на улиците во Општина Крива Паланка и нивна реализација.

Заради поголема безбедност во сообраќајот, но и поради потребите и проблемите на градот за негово сообраќајно уредување, Општина Крива Паланка има потреба од изработка на техничка документација - Основен сообраќаен проект за режимот на сообраќај на улиците во Општина Крива Паланка .

Во Програма за 2020 година се предвидува изработка и реализација на Основниот сообраќаен проект за режим на сообраќајот на улиците во градот и истиот е поделен во фази кои би се изведувале спрема приливот на средства и тоа:

1. Изработка на техничка документација -Основен сообраќаен проект за режимот на сообраќај на улица Св.Јоаким Осоговски,
2. Изработка на техничка документација - Основен сообраќаен проект за режимот на сообраќај на останати улици во Општина Крива Паланка,
3.Поставување на хоризонтална сигнализација на улицата Св.Јоаким Осоговски согласно Основен сообраќаен проект за режимот на сообраќај на улица ,,Св.Јоаким Осоговски“
4. Поставување на вертикална сигнализација на улицата Св Јоаким Осоговски на улица ,,Св.Јоаким Осоговски“согласно Основен сообраќаен проект за режимот на сообраќај на улица ,,Св.Јоаким Осоговски“
5. Уредување на паркинг простори кои се предвидени со Основниот сообраќаен проект за режимот на сообраќај на улица ,,Св.Јоаким Осоговски“
6.Поставување на хоризонтална сигнализација согласно Основен сообраќаен проект за режимот на сообраќај на останатите улици во Општина Крива Паланка ,
7. Поставување на вертикална сигнализација согласно Основен сообраќаен проект за режимот на сообраќај на останатите улици во Општина Крива Паланка
8.Уредување на паркинг простори кои се предвидени со Основниот сообраќаен проект за режимот на сообраќај на останатите улици во Општина Крива Паланка

**За реализација на оваа програма финансиската вредност на предвидените работи изнесуваат:**

| | |
|---|---|
| Прва фаза | 50 000,00 ден |
| Втора фаза | 350 000,00 ден |
| Трета фаза | 300 000,00 ден |
| Четврта фаза | 300 000,00 ден |
| Петта фаза | 200 000,00 ден |
| Шеста фаза | 400 000,00 ден |
| Седма фаза | 400 000,00 ден |
| Осма фаза | 300 000,00 ден |
| **Вкупно** | **2 300 000,00 ден** |

**Извори на финансирање:**

1. Средства од Буџетот на општината Крива Паланка ________800 000,00 ден

2. Средства од донации ( Агенција за државни патишта, Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата и други донатори_____1 500 000,00 ден

**Бр.09-3567/43**
**06.11.2019.година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска**